**openFinance**

THE Berlin GROUP
A EUROPEAN STANDARDS INITIATIVE

КИБС
Клириншка куќа

# КИБС е домаќин на состанок на работната група Open Finance која е дел од Berlin Group

На 26 септември 2023, КИБС ќе биде домаќин на состанокот на работната група Open Finance која функционира во составот на Berlin Group. На состанокот ќе присуствуваат членките на оваа работна група на Berlin Group меѓу кои се претставници на европски банки, оператори, клириншки куќи и други компании со слични дејности.

Berlin Group е иницијатива за паневропско стандардизирање и усогласување на интероперабилноста кај плаќањата во меѓубанкарскиот сектор, со фокус на техничките и организациските барања. Работата на Berlin Group е комплементарна со онаа на Европскиот платен совет и има за примарна цел дефинирање на отворени, заеднички и независни од шема и процесор стандарди во меѓубанкарскиот сегмент.

Во пресрет на имплементацијата на новитети во платежниот сектор кои се очекуваат со примена на Законот за платежни услуги и платни системи, којшто е целосно усогласен со ЕУ регулативата, стандардите на Berlin Group се од посебно значење за отвореното банкарство, како еден од предвидените новитетите.